- учество во донесувањето на годишната програма за изработка на урбанистички планови,
- стручна анализа и експертиза на деталните урбанистички плнаови во која се утврдува потреба од изменување и дополнување на плановите, пред истекот на планскиот период,
- подготвувње на годишниот извештај за состојбите и промените во просторот на територија на општината и
- врши други работи што ќе му бидат доверени.

Ѓ2. Одделението за архитектонско плнирање и проектирање ги врши работите што се однесуваат на:
- контролирање, координирање, следење и унапредување на меѓусебната соработка помеѓу Одделението за архитектонско планирање и проектирање и одделението за просторно и урбанистичко планирање во Секторот,
- изработување на проекти,

- архитектонско планирање на просторот на општината,
- следење на модерните архитектонски текови и нивна имплементација,
- дизајнирање и архитектонско проектирање на објекти од јавен интерес на територија на општината,
- изработка на проекти од градежната и комуналната инфраструктура во општината,
- следење на стандардите за архитектонско планирање и проектирање и
- врши други работи што ќе му бидат доверени”

Член 5

По членот 16, се додаваат два нови члена 16-а и 16-б, кои гласат:

Член 16-а

“К. Секторот за спроведување на урбанистичките планови и постапка за експропријација на недвижности ги врши работите што се однесуваат на:

- обединување, координирање, контролирање, следење и унапредување на меѓусебната соработка на Одделението за спроведување на урбанистички планови и Одделението за недвижен имот и постапка за експропријација,
- следење на законските и други прописи од областа на локалната самоуправа, Законот за градење, Законот за општа управна постапка и нивна примена на подрачјето на општината,
- учествување во нормативноправниот дел при изготвувањето на нацрт и предлог на деталните урбанистички планови и организирање на законската постапка при нивното спроведување,
- спроведување и реализација на донесените урбанистички планови,
- спроведување на општа управна постапка во согласност со закон,
- изготвување на акти, решенија, одлуки одобренија итн. кои се однесуваат на градежно-техничка документација,
- остварување на непосредна комуникација со надлежните министерства и Градот Скопје во врска со деталните урбанистички планови,
- изготвување на анализи во врска со донесените акти,
- подготвување на стручни мислења и препораки и
- врши други работи што ќе му бидат доверени

*К1.* Одделението за спроведување на урбанистички планови ги врши работите што се однесуваат на:
- контролирање, координирање, следење и унапредување на меѓусебната соработка помеѓу Одделението за спроведување на урбанистички планови и Одделението за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности во Секторот,
- подготвување, следење и учество во донесувањето на урбанистичката документација,

- давање на насоки за спроведување на урбанистичките планови согласно законските и подзаконските акти,
- давање на насоки за водење на општата управна постапка, постапување и нејзино спроведување,
- превземање на работи за спроведување на детални урбанистички планови и Генералниот урбанистички план на Град Скопје,
- учествување во нормативноправниот дел при изготвувањето на нацрт и предлог на деталните урбанистички планови и организирање на законска постапка при нивното донесување,
- спроведување на законските и подзаконските акти од областа на урбанизмот и
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени

К2. Одделението за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности ги врши работите што се однесуваат на:
- контролирање, координирање, следење и унапредување на меѓусебната соработка помеѓу Одделението за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности и Одделенеито за спроведување на урбанистички планови во Секторт,
- координирање и грижа за подготвувањето на среднорочниот и долгорочниот план за управување со недвижниот имот на Општината, во соработка со другите сектори во општинската администрација,
- ефикасно, целосно, ажурно и квалитетно водење и евиденција за недвижниот имот и имотните права и интереси на Општината во пишана и електронска форма,
- следење на состојбите со недвижниот имот, грижа за проценувње и искажување на вредноста на недвижниот имот, во согласност со закон,
- предлагање на мерки за заштита на недвижниот имот и заштита на имотните права и интереси на Општината,
- грижа за ефикасно и економично спроведување на постапката за експропријација на недвижности заради реализација на работи од јавен интерес,
- организирање, координирање и учество, односно непосредно изготвување на одлуки и други прописи, договори за закуп, продажба и купување на недвижен имот, програми, информации и други акти и
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени”

Член 16-б

“Л. Секторот за поддршка и организација на работата на Советот на Општината ги врши работите што се однесуваат на:
- обединување, координирање, контролирање, следење и унапредување на меѓусебната соработка на Одделението за поддршка на работата на советот и Одделението за организација и стручно-административни работи,
- следење и проучуање на законските и другите прописи од значење за локалната самоуправа и изготвување на концепти и основи за нормативни и други општи акти со кои се уредуваат прашањата од надлежноста на Советот на општината,

- следење и проучување на законските и подзаконски акти од областа на канцелариското и архивското работење,
- иницирање и предлагање на донесување на прописи од надлежност на Советот,
- вршење стручни, организациони и други работи во подготвувањето, одржувањето и реализацијата на седниците на Советот на општината и на работните тела на Советот на општината,
- предлагање на тези и проучување и следење на прашањата од локалната самоуправа што треба да претставуваат основа за изготвување на Програмата за работа на Советот,
- подготвување информации и други материјали по прашањата од областа на локалната самоуправа и
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

Л1. Одделение за поддршка на работата на советот ги врши работите што се однесуваат на:
- подготвување, организирање и реализирање на седниците на Советот на Општината и на неговите работни тела,
- изготвување на Предлог-Програмата за работа на Советот и следење на нејзината реализација,
- изготвување на текстови на одлуки, заклучоци, извештаи, записници и други општи акти од надлежност на Советот и на работните тела на Советот, водење стенографски белешки од седниците на Советот, а по потреба и од седниците на работни тела на Советот,
- давање стручни мислења во врска со работата на Советот,
- вршење номо-техничко обликување на прописите донесени на седниците на Советот за нивно објавување,
- давање стручна и друга помош на членовите на Советот и
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

Л2. Одделението за организација и стручно-административни работи ги врши работите што се однесуваат на:
- следење и применување на законските прописи и општите акти за канцелариско и архивско работење,
- навремено донесување на Планот за архивски знаци и листите на категории и за чување на архивска граѓа,
- водење евиденција за правилно архивирање на предметите според Планот за архивски знаци и листите на категории за чување на архивска граѓа,
- употребување на штембилите по овластување на Градоначалникот на општината и
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени”.

Член 6

Во член 17, во воведната реченица, буквата “К” пред зборот “Одделение” се заменува со буквата “М”

Член 7

Во член 18, во воведната реченица, буквата “Л” пред зборот “Одделение” се заменува со буквата “Н”.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува по добиената согласност од Агенцијата за администрација.

Број 07-1012/5
17.02.2012 год.
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за избор на најповолен понудувач во постапката за доделување на Договор за јавно приватно партнерство

1.Се објавува Одлуката за избор на најповолен понудувач во постапката за доделување на Договор за јавно приватно партнерство донесена на Четириесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 17 февруари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 1232/6** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**20.02.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со член 72, став 2 и член 92, став 1 од Законот за концесии и други видови на јавно – приватно партнерство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008, 139/2008, 64/2009 и 52/2010), Советот на Општина Карпош, на Четриесет и деветтата седница, одржана на 17 февруари 2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за избор на најповолен понудувач во постапката за доделување на Договор за јавно приватно партнерство

Член 1

Врз основа на Предлогот за избор на најповолна понуда бр. 672/5 од 06.02.2012 година и Извештајот за евалуација бр. 672/4 од 06.02.2012 година доставени од страна на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на Договор за јавно приватно партнерство, за најповолна понуда по Јавниот повик за доставување на понуди за доделување на Договор за јавно приватно партнерство за користење на објект зграда 2 на Јавната установа општинска детска градинка "Орце Николов" – Општина Карпош - Скопје, заради вршење на дејност за повеќејазична детска градинка бр.9044/6 од 11.12.2011 година, се избира понудата на Друштвото за забавни активности ИПС ГРУП ДОО – Скопје.

Член 2

Основни елементи на јавното приватно партнерство согласно Понудата на избраниот понудувач бр.672/1 од 30.01.2011 година се следните:

-Програмата за работа која е во функција на реализирање на активностите дефинирани во член 4 од Одлуката за започнување на постапка за Јавно приватно партнерство("Службен гласник на Општина Карпош"бр. 17/2011),

-Средства за месечна закупнина во износ од 600 евра, во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата за времетраење на Договорот на Јавно приватно партнерство (15 години),

-Број на згрижени деца од територијата на Општина Карпош за кои ке се нуди субвенција (процент од бројот на згрижени деца во објектот) од 40% и

-Субвенција по дете (изразена во процент од регуларната цена) од 50%.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука со избраниот понудувач од член 1 на оваа одлука да го потпише Договорот за јавно приватно партнерство.

Член 4

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош во рок од 5 дена од денот на потпишувањето на Договорот од член 3 на оваа одлука да формира Комисија за вршење на надзор над реализацијата на Договорот за јавно приватно партнерство.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Бр. 07 -1012/6
17.02.2012 година
Скопје

Претседател
на Советот на Општина Карпош
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучокот за давање Согласност на Статутот на Приватната установа за деца -Детска градинка “Веселата Дружина“ Скопје

1.Се објавува Заклучокот за давање Согласност на Статутот на Приватната установа за деца -Детска градинка “Веселата Дружина“ Скопје
донесен на Четириесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 17 февруари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08- 1232/7** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**20.02.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), а во врска со член 12 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2000, 17/2003, 65/2004, 113/2005, 98/2008, 107/2008, 83/2009 и 170/2010) Советот на Општина Карпош на Четириесет и деветтата седница одржана на 17 февруари 2012 година донесе

## З А К Л У Ч О К

за давање Согласност на Статутот на Приватната установа за деца -Детска градинка "Веселата Дружина" Скопје.

1.Се дава Согласност на Статутот на Приватната установа за деца-Приватна детска градинка " Веселата Дружина "-Скопје, донесен од Управниот одбор на градинката.

2.Заклучокот да се достави до Приватната установа за деца-Приватна детска градинка "Веселата Дружина "-Скопје.

3.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош"

Број 07- 1012/7
17.02.2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за одобрување на Проектот-Изградба на водовод од Бул. „Партизански Одреди" по левиот брег на р. Вардар до ул. „Адолф Циборовски" и Порта Влае

1.Се објавува Одлуката за одобрување на Проектот-Изградба на водовод од Бул. „Партизански Одреди" по левиот брег на р. Вардар до ул. „Адолф Циборовски" и Порта Влае донесена на Четириесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 17 февруари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08- 1232/8**
**20.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) Советот на Општина Карпош на Четириесет и деветтата седница, одржана на 17 февруари 2012 година донесе

## ОДЛУКА

за одобрување на Проектот-Изградба на водовод од Бул. „Партизански Одреди“ по левиот брег на р. Вардар до ул. „Адолф Циборовски“ и Порта Влае

Член 1

Се одобрува Проектот -Изградба на водовод од Бул. „Партизански Одреди“ по левиот брег на р. Вардар до ул.„ Адолф Циборовски“ и Порта Влае, кој што треба да се финансира од распределените средства со Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води („Службен весник на Република Македонија“ бр.154/10), склучен со Европската инвестициона банка.

Член 2

Апликацијата, заедно со Проектот од член 1 на оваа одлука и целокупната потребна документација, Градоначалникот на Општина Карпош да ги достави до Министерството за транспорт и врски.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 1012/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
17.02.2012 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Изјава за исполнување услови за апликација

1.Се објавува Изјавата за исполнување услови за апликација дадена на Четириесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 17 февруари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 1232/9**
**20.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договор за заем по Проектот “Водоснабдување и одведување отпадни води” (“Службен весник на Република Македонија” бр. 83/10), Советот на Општина Карпош на Четириесет и деветтата седницата одржана на 17 февруари 2012 година, ја дава следнава

**ИЗЈАВА**

Со оваа изјава се потврдува дека Општината Карпош ги исполнува следните услови:

Општината Карпош со ЈП „Водовод и канализација“ - Скопје остварува соработка за водоснабдување и одведување на отпадни води.

ЈП„ Водовод и канализација“ ги покрива услугите кои се однесуваат на водоснабдување и одведување на отпадни води и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

ЈП „Водовод и канализација“ со утврдена тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектот.

Проектот со кој што ќе аплицира Општина Карпош ќе биде одобрен со Одлука од Советот на Општина Карпош.

Сите досега финансирани проекти за водоснабдување и одведување на отпадни води во Општината Карпош од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

Бр.07- 1012/9
17.02.2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за доделување на еднократна парична помошза настаната штета од пожар на семејство Мицковиќ

1.Се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помошза настаната штета од пожар на семејство Мицковиќ донесена на Четириесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 17 февруари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 1232/10**
**20.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.01/06),Советот на Општина Карпош на Четириесет и деветтата седница одржана на 17 февруари 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**

за доделување на еднократна парична помош за настаната штета од пожар
на семејство Мицковиќ

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош доделува еднократна парична помош заради претрпена материјална штета на семејството на Натка и Дејан Мицковиќ со стан на ул.“Букурешка“ бр.129 б, чија семеејна куќа е изгорена во пожар, во износ до 120.000,00 денари.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

**Член 3**

Одлуката ќе ја спроведат Градоначалникот и Секторот за финансии на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош.

Број 07-1012/10
17.02 .2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за доделување на еднократна парична помош за настаната штета од пожар

1.Се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош за настаната штета од пожар донесена на Четириесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 17 февруари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08- 1232/11**
**20.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.01/06),Советот на Општина Карпош на Четириесет и деветтата седница одржана на 17 февруари 2012 година, донесе

## О Д Л У К А
### за доделување на еднократна парична помош за настаната штета од пожар

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош доделува еднократна парична помош заради претрпена материјална штета на семејството на Вера Поповска со стан на ул.“Букурешка“ бр.129 а, чија семејна куќа е изгорена во пожар, во износ од 30.000,00 денари.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

**Член 3**

Одлуката ќе ја спроведат Градоначалникот и Секторот за финансии на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош.

Број 07-1012/11
17.12 .2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за доделување на еднократна парична помош за лекување

1.Се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош за лекување донесена на Четириесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 17 февруари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 1232/12**
**20.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.01/06),Советот на Општина Карпош на Четириесет и деветтата седница одржана на 17 февруари 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**

за доделување на еднократна парична помош за лекување

**Член 1**

На Јосиф Дуровски од Скопје, се доделува еднократна парична помош за негово лекување, во износ до 90.000,00 денари,

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

**Член 3**

Одлуката ќе ја спроведе Градоначалникот и Секторот за финансии на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош.

Број 07- 1012/12
17.02 .2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за доделување на материјална поддршка на спортист-поединец од подрачјето на Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за доделување на материјална поддршка на спортист-поединец од подрачјето на Општина Карпош донесена на Четириесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 17 февруари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 1232/13**
**20.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), а во врска со Програмата за дејноста спорт за 2012 година ("Службен гласник на Општина Карпош" бр. 19/2011 ), Советот на Општина Карпош на Четириесет и деветтата седница, одржана на 17 февруари 2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на материјална поддршка на спортист-поединец од подрачјето на Општина Карпош**

**Член 1**

На Васил Петрушевски, талентиран спортист, најдобар голман во Лигата за фудбал на основните училишта во Општина Карпош се доделува материјална поддршка на спортист-поединец во сверата на спортот и спортските активности од подрачјето на Општина Карпош , во износ од 20.000 денари ,исплатени на 5 еднакви месечни рати во износ од 4.000,00 денари , сметано од 01.02.2012 година.

**Член 2**

Средствата од член еден на оваа Одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2012 година. .

**Член 3**

За исплата на финансиските средстав од член 1 на оваа Одлука решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 07- 1012/13**
**17.02. 2012 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Карпош**
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за доделување на материјална поддршка на спортист-поединец од подрачјето на Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за доделување на материјална поддршка на спортист-поединец од подрачјето на Општина Карпош донесена на Четириесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 17 февруари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 1232/14**
**20.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со Програмата за дејноста спорт за 2012 година (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 19/2011 ), Советот на Општина Карпош на Четириесет и деветтата седница, одржана на 17 февруари 2012 година донесе

О Д Л У К А
за доделување на материјална поддршка на спортист-поединец од подрачјето на Општина Карпош

**Член 1**

На Андреј Соколовски, талентиран спортист во пливање, рекордер на Македонија во пионерска конкуренција на Пливачката Федерација на Македонија, се доделува материјална поддршка на спортист-поединец во сверата на спортот и спортските активности од подрачјето на Општина Карпош , во износ од 20.000 денари ,исплатени на 5 еднакви месечни рати во износ од 4.000,00 денари, сметано од 01.02.2012 година.

**Член 2**

Средствата од член еден на оваа Одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

**Член 3**

За исплата на финансиските средстав од член 1 на оваа Одлука решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број07-1012/14**
**17.02. 2012 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Карпош**
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за доделување на материјална поддршка на спортист-поединец од подрачјето на Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за доделување на материјална поддршка на спортист-поединец од подрачјето на Општина Карпош донесена на Четириесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 17 февруари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 1232/15**
**20.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), а во врска со Програмата за дејноста спорт за 2012 година ("Службен гласник на Општина Карпош" бр. 19/2011 ), Советот на Општина Карпош на Четириесет и деветтата седница, одржана на 17 февруари 2012 година донесе

# О Д Л У К А
## за доделување на материјална поддршка на спортист-поединец од подрачјето на Општина Карпош

**Член 1**

На Ангела Ниниќ, талентиран спортист во пливање, најдобра пливачка во категорија постари пионери, се доделува материјална поддршка на спортист-поединец во сверата на спортот и спортските активности од подрачјето на Општина Карпош , во износ од 20.000 денари, исплатени на 5 еднакви месечни рати во износ од 4.000,00 денари , сметано од 01.02.2012 година.

**Член 2**

Средствата од член еден на оваа Одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2012 година. .

**Член 3**

За исплата на финансиските средстав од член 1 на оваа Одлука решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 07- 1012/15**
**17.02. 2012 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Карпо**
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за прифаќање на проектот „Шаховска школа – Карпош”

1.Се објавува Одлуката за прифаќање на проектот „Шаховска школа – Карпош” донесена на Четириесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 17 февруари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 1232/16**
**20.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02/ Советот на Општина Карпош, на Четириесет и девттата седница, одржана на 17 февруари 2012 година донесе

**О Д Л У К А**
за прифаќање на проектот „Шаховска школа – Карпош”

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа проектот „ Шаховска школа – Карпош “, доставен од страна на Здружението Шаховски клуб „Гамбит АССЕКО-СЕЕ” - Карпош – Скопје.

Член 2

Потребните средства за реализација на проектот од член 1 на оваа одлука, во износ од 295.200,00 денари да се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година, Програма ЕО- Општинска администриција, ставка 425-договорни услуги, потставка 425130-изнајмување на друг тип простор.

Член 3

Се задолужува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

По завршувањето на реализацијата на проектот „ Шаховска школа – Карпош “, Здружението Шаховски клуб „Гамбит АССЕКО-СЕЕ” - Карпош – Скопје, е должно до Советот на Општина Карпош да достави Извештај за реализација на одобрените средства.

Член 5

Проектот „ Шаховска школа – Карпош “ е составен дел на оваа одлука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-1012/16
17.02.2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

1.-Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот
на Општина Карпош за 2012 година со Решение за објавување
2.-Заклучок за усвојување на Кварталниот изваштај за четврти
кавартал за 2011 година, за извршување на Буџетот
на Општина Карпош со Решение за објавување
3.-Годишна сметка на Буџетот и Годишен извештај
на Буџетот на Општина Карпош за 2011 година со
Решение за објавување
4.-Заклучоци за усвојување на Извештаите за извршување
на програмите за 2011 година и тоа:
-Програма за уредување на градежно земјиште
-Програма за дејноста образование
-Програма за дејноста култура
-Програма за активности од областа н ЛЕР на Општина Карпош
-Програма за дејноста спорт
-Програма за дејноста детска,социјлна и здравствена заштита
-Програма од областа на заштита и спасување на граѓаните и
материјалните добра со Решение за објавување
5.-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за
организација, делокруг и начинот на извршување на
задачите на општинската администрација на Општина Карпош
со Решение за објавување
6.-Одлука за избор на најповолен понудувач по
Јавниот повик бр.9044/6 од 11.12.2011 година. со Решение за објавување
7.-Предлог- Заклучок за давање согласност на
Статутот на Приватна установа за деца –детска
градинка “Веселата дружина“ Скопје со Решение за објавување
8.-Одлука за давање согласност на Проектот-Изградба
на водовод од бул. Партизански Одреди по лева обала
на р. Вардар до ул. Адолф Циборовски и Порта Влае
со Решение за објавување
9.-Изјава за исполнување на услови за апликација

10.-Одлука за доделување еднократна парична помош за настаната штета од
пожар на семејството Мицковиќ со Решение за објавување

11.-Одлука за доделување еднократна парична помош за настанатата штета од
пожар на семејството Поповски со Решение за објавување

12.-Одлука за доделување еднократна парична помош за лекување на Јосиф
Дуровски со Решение за објавување

13.-Одлука за доделување на финансиски средства на Васил Петрушевски, талентиран спортист од подрачјето на Општина Карпош со Решение за објавување
14.-Одлука за доделување на финансиски средства на Андреј Соколовски,талентиран спортист од одрачјето на Општина Карпош со Решение за објавување
15.-Одлука за доделување на финансиски средства на Анѓела Ниниќ, талентиран спортист од подрачјето на Општина Карпош со Решение за објавување
16.-Одлука за прифаќање на проектот „Шаховска школа – Карпош” со Решение за објавување

**Издавач:** Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение за поддршка на работата на Советот
**Адреса:** бул. Партизански одреди бр.68, тел. 3065-925
**Тираж:** 30 примероци